До: - Претседател на советот на општина Прилеп
- Градоначалник на општина прилеп
- Сектор за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина,

ОПШТИНА ПРИЛЕП
-Локална самоуправа-
ПРИМЕНО: 14.02.2022
| Орг. ед. | Број | Прилог | Вредн. |
|---|---|---|---|
| 03/09 | 403/1 | | |

# ЗАПИСНИК

од одржана втора работна седница на партиципативно тело

На ден 10.02.2022 год. во 12.00 часот во просториите на ЛС општина Прилеп, во зелена сала се одржа втората работна седница на партиципативното тело на општина Прилеп е формирано од страна на Советот на општина Прилеп, со Одлука бр.09-2269/38 од 14.09.2021 год.

Седницата беше свикана од страна на претседателот на партиципативното тело, по електронски пат преку меил доставен од страна на членовите, со следниот дневен ред:

1. Усвојување на Записникот од првата работна седница на партиципативното тело;
2. 2. Дискусија по доставени плански програми за изработка на урбанистички планови од страна на одделението за урбанизам при општина Прилеп, со цел изработка на извештај за евентуални насоки и сугестии по истите;
3. Разно - отворена дискусија за иницијативи кои произлегуваат од потребите на граѓаните.

На седницата присуствуваа поголем дел од членовите на ПТ со исклучок на Даме Димески д.и.а. и Драган Димески д.и.а. кои претходно го најавија своето отсуство заради оправдани причини, За отсуството на надворешниот член Методија Димески немаме податоци.

Присутните членови утврдија дека има кворум за да се одржи седницата во следниот состав:

1. Илија Беличоски д.и.а. - ЈП за ПУП, Прилеп – претседател на партиципативно тело
2. Кирил Настески д.и.а. – заменик претседател
3. Татјана Попоска д.и.а. – одделение за урбанизам, општина Прилеп – член
4. Пеце Најдоски д.и.а. - одделение за урбанизам, општина Прилеп – член
5. Марјан Шукуроски д.и.а. – “Биро Марјан” ДООЕЛ Прилеп – член

Дневниот ред беше усвоен со 5(пет) гласови, по што се премина со работа по втората точка од истиот, односно дискусија по доставени плански програми за изработка на урбанистички планови, доставени од страна на одделението за урбанизам при општина Прилеп;

**ПП за ДУП за блок 5.4.9, утврден со регулациски план за ГУП за град Прилеп за четврт 5, блок 5.4, општина Прилеп - изработувач Перкан проект ДООЕЛ Прилеп**

Планскиот опфат се наоѓа во западниот дел од градот Прилеп, во индустриска зона со следните граници: северната граница ја следи осовината на собирната улица “Леце Котески”, со ознака С8, источната граница ја следи границата на наменската зона Г и наменската зона Д2, јужната граница ја следи осовината на индустриска улица Ин1, крак 1 и западната граница ја следи западната граница на КП бр.19515, 19516, 19521, 19522, 19523, 19479/1 и 19479/2, со површина од 5,24ха.

Планската програма ги содржи сите потребни податоци, истата може да се одобри.

**ПП за УПВНМ за изградба на фотоволтаична електрана – површински соларни и фотоволтаични електрани со капацитет до 10MW, КО Тополчани, општина Прилеп - изработувач Билд Урбан ДООЕЛ Скопје**

Планскиот опфат се наоѓа во КО Тополчани, општина Прилеп, на КП бр.1359, 1360, 1361, 1362, 1362, 1364, 1368, 1369, 1370, 1377/1, 1377/3 и 1378, со површина од 6,16ха.

Планската програма ги содржи сите потребни податоци, до планскиот опфат постои пристапен пат и истата може да се одобри.

**ПП за ДУП за четврт 12 блок 12.4 - изработувач Матрикс проект ДООЕЛ Прилеп**
Планскиот опфат се наоѓа во југоисточниот вон централен дел од градот Прилеп, во со следните граници: северозападната граница ја следи осовината на собирната улица "Александар Македонски", со ознака С9, североисточната граница ја следи осовината на сервисната улица "11 Октомври", со ознака Ср1, југоисточната граница ја следи осовината на сервисната улица "Трајко Тарцан", со ознака Ср4 и југозападната граница ја следи осовината на сервисната улица "Мирче Ацев", со ознака Ср9, со површина од 11,27ха.
Планската програма ги содржи сите потребни податоци, истата може да се одобри.

Со почит:
Претседател на партиципативно тело
Илија Беличоски д.и.а.

10.02.2022г
Прилеп